Објавен во Службен весник број: 113/2014
Датум на објавување: 29.07.2014

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13 и 97/14) во членот 4, во точката 15 сврзникот „и" се заменува со точка и запирка, а во точката 16 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 16) се додаваат две нови точки 17) и 18), кои гласат:

„17. „бруто надоместок утврден во договор за дело или друг договор" претставува збир на нето надоместокот, придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за задолжително здравствено осигурување и персонален данок на доход и

18. „бруто надоместок утврден во авторски договор" претставува збир на нето надоместокот, придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за задолжително здравствено осигурување и персоналниот данок на доход. Бруто износот на надоместокот се добива по претходно намалување за признатите трошоци утврдени во Законот за персоналниот данок на доход."

## Член 2

Во членот 7 став (1) во точката 11) сврзникот „и" се заменува со точка и запирка, а во точката 12) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 12) се додава нова точка 13) која гласи:
„13) лица кои остваруваат приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа кој во нето износ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон, освен корисници на пензија според прописите на пензиското и инвалидското осигурување."

По ставот (3), се додава нов став (4), кој гласи:
„(4) Ако лицата од ставот (1), точка 13) од овој член остваруваат приходи од повеќе договори ќе станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување кога збирниот нето износ на приходите по тие договори ќе го надмине износот на минималната плата утврдена со закон."

**Член 3**

Во членот 10 став (1) во точката 13) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка, а во точката 15) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 15) се додава нова точка 16), која гласи:
„16) лица кои остваруваат приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа кој во нето износ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон, освен корисници на пензија според прописите на пензиското и инвалидското осигурување.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Ако лицата од ставот (1) точка 16) од овој член остваруваат приходи од повеќе договори ќе станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување кога збирниот нето износ на приходите по тие договори ќе го надмине износот на минималната плата утврдена со закон.“

**Член 4**

Во членот 13 став (1) во точката 11 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка, а во точката 12 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 12) се додаваат две нови точки 13) и 14), кои гласат:
„13) правно лице-исплатувач на надоместок по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа за лицата од член 7 став (1) точка 13 и член 10 став (1) точка 16 од овој закон и
14) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија се обврзници за пресметка на придонесите и за лицата од членовите 7 став (1) точка 13 и 10 став (1) точка 16 од овој закон кои приходите ги остваруваат врз основа на склучени договори со физички лица и за лицата од членовите 7 став (4) и 10 став (2) од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Правното лице-исплатувач од ставот (1) точка 13) на овој член, е должен на Управата за јавни приходи да и доставува месечен извештај за износот на бруто надоместокот утврден во договорот за дело, авторскиот договор или друг договор, исплатениот нето надоместок, пресметаниот придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и пресметаниот придонес за задолжително здравствено осигурување за лицата за кои согласно овој закон тој е обврзник за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување, како и за износот на бруто надоместокот утврден во договорот за дело, авторскиот договор или друг договор и исплатениот нето надоместок на лицата кои согласно овој закон се обврзници за уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување сами за себе, за секој обврзник за плаќање поединечно, најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставот (2) на овој член ја пропишува Министерот за финансии."

**Член 5**

Во членот 14 став (1) точка 13) сврзникот „и" се заменува со точка и запирка, а во точката 14) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 14) се додава нова точка 15), која гласи: „15) бруто надоместок утврден во договор за дело, авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршена работа за лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа."

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи: „(6) Во случаите кога обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе, истите се должни договорот за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместокот да го достават до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој по службена должност доставува евиденција до Управата за јавни приходи, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија."

**Член 6**

Во членот 16 став (3) по зборот „однос" се додаваат зборовите: „и примања по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа,".

**Член 7**

По членот 28-б се додаваат два нови члена 28-в и 28-г, кои гласат:

„Член 28-в

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка на придонесите-правно лице доколку во пропишаниот рок не го достави извештајот од членот 13 став (2) од овој закон до Управата за јавни приходи.

Член 28-г

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за уплата на придонесите сам за себе, доколку не го достави договорот за дело и/или авторскиот договор или друг договор до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија."

**Член 8**

Се овластува Законодавно правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.